# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Управата за јавни приходи е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии, со својство на правно лице, кој што ги извршува управните и други стручни работи кои што се однесуваат на делокругот на нејзиното работење, како и работи кои произлегуваат од посебни даночни закони.

Мисијата на Управата за јавни приходи е да обезбеди праведна и ефикасна наплата на даноците и другите јавни давачки со висок степен на доброволна усогласеност на даночните обврзници при исполнување на даночните обврски, преку едноставни даночни постапки и дигитализирани услуги за помош и поддршка на даночните обврзници за навремено и точно исполнување на обврските.

Визијата на Управата за јавни приходи е да стане модел за професионална организација препознатлива според најдобрите практики на ЕУ и стандардите за квалитет, со висок интегритет и доверба во општествената заедница како гаранција за поттикнување и одржување на висок степен на доброволна усогласеност на даночните обврзници.

Од визијата на раководството произлезе обврската за примена и постојано подобрување на Системот за менаџмент со квалитет, преку целосно исполнување на барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2015, и развивање институција способна да испорачува услуги кои ги задоволуваат потребите на корисниците и ги исполнува применливите законски и други барања.

Главни цели на Управата за јавни приходи се:

- Зајакнување на административниот капацитет со цел постигнување на зголемени стандарди во работењето, со подобрување на деловните практики и внесување на промени согласно севкупната дигитална трансформација;
- Континуирана обука на вработените и зголемување на нивните компетенции;
- Внесување нова организациска култура во работењето на даночната администрација, која обезбедува професионалност, квалитетно и транспарентно работење и одговорност за резултатите;
- Креирање на единствена политика за обезбедување на едноставни даночни постапки и дигитализирани услуги за помош и поддршка на даночните обврзници за навремено и точно исполнување на обврските;
- Управување со даночната усогласеност, базирана на приоретизирање на ризиците кои влијаат на доброволната усогласеност на даночните обврзници, водејќи сметка за принципите на ефективност и ефикасност;
- Примена на управувачки стратегии кои обезбедуваат даночни обврзници да се третираат доследно и праведно, како гаранција за одржување доверба во интегритетот на институцијата;
- Спроведување на законодавството и унапредување на активностите насочени кон борба за превенција, заштита и спречување на даночни измами и формализирање на неформалната економија;

Во остварување на своите деловни активности, Управата се обврзува да негува отворен и одговорен пристап кон даночните обврзници, вработените, институциите на државата, меѓународните организации и целокупната општествена заедница.

Број: 02-8037/1

Датум: 21.08.2023

Директор

Сања Лукаревска